Врз основа на член 21 став 1 точка 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.2/04“.), Советот на општина Виница на седницата оддржана на ден 31.10.2005 година, донесе

# Д Е Л О В Н И К
## на Советот на општина Виница

## I. Општи одредби

**Член 1**

Со овој Деловник се уредува организацијата и работата на Советот на општина Виница и работните тела на Советот.

**Член 2**

Советот избира претседател, избира лице кое раководи со Подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината согласно Законот и избира постојани и повремени комисии.

**Член 3**

Советот работи на седница.

Седниците на Советот се свикуваат по потреба но најмалку еднаш на три месеци.

Седниците на Советот се јавни.

**Член 4**

Во работата на Советот службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо.

На седница на Советот можат да се оддржат говори на граѓани, странски државјани како гости и странски државници.

Говорот одржан на јазикот на странски државници и на граѓани на странски држави се преведува на македонски јазик.

**Член 5**

Советот има печат и штембил.

Печатот е со тркалезна форма во чија средина се наоѓа грбот на општина Виница и на чии рабови е испишано „ Република Македонија - Општина Виница “, а во вториот ред има натпис „Совет на Општината “.

Штембилот има правоаголна форма. На првиот ред е испишано Република Македонија, на вториот ред „Совет на Општината“, во третиот ред дел.број со дата и на крајот Виница.

**Член 6**

Одредбите на овој Деловник соодветно се применуваат и во работата на Советот во случај на воена или вонредна состојба ако со овој Деловник или со друг општ акт не е поинаку уредено.

## II. Конституирање на Советот

### 1.Верификација на мандатите на членовите на Советот

**Член 7**

Мандатите на членовите на Советот ги верифицира Советот на првата седница.

Првата седница на новоизбраниот Совет ја свикува претседателот на Советот од претходниот Совет најдоцна во рок од 20 дена од денот на завршувањето на изборите.

До изборот на претседателот на Советот претседава најстариот по години присутен член на Советот.

**Член 8**

Доколку Советот не се свика во рок од член 7 на овој Деловник, членовите на Советот сами се состануваат и под претседавање на најстариот по години присутен член на Советот го конституираат Советот во рок од десет дена по истекот на рокот во член 7 став 2.

**Член 9**

Мандатите на членовите на Советот се верифицираат по предлог на Верификациона комисија.

Верификационата комисија ја избира Советот по предлог на најстариот по години присутен член на Советот кој претседава со првата седница.

Верификационата комисија се состои од претседател и 2 члена.

**Член 10**

Верификационата комисија врз основа на известување на Општинската изборна комисија, доставените уверенија за членови на Советот за нивниот избор поднесува извештај со предлог за верификација.

**Член 11**

Советот, извештајот и предлогот на Верификационата комисија го разгледува во целина. Ако Верификационата комисија, утврди одредени несогласувања на доставените уверенија на членовите на Советот со известување на Општинската изборна комисија, на Советот му предлага да ја одложи верификацијата на спорниот мандат.

За секој таков предлог се гласа поединечно.

**Член 12**

Членот на Советот чија верификација на мандатот е одложена има право да присуствува на седниците на Советот и да учествува во работата но без право на одлучување.

**Член 13**

Советот е конституиран ако се верифицираат мандатите на повеќе од половината на вкупниот број членови на Советот.

**Член 14**

Со верификација на мандатот, членот на Советот се стекнува со права и должности утврдени со Законот, со Статутот и со овој Деловник.

**2. Избор на претседател на Советот.**

**Член 15**

Претседателот на Советот се избира од редот на членовите на Советот, со мандат од 4 години.

Кандидат за претседател на Советот предлага Кандидационата комисија.

**Член 16**

Кандидационата комисија ја избира Советот веднаш по верификацијата на мандатите на членовите на Советот со мнозинство гласови од присутните членови.

Кандидационата комисија е составена од претседател и двајца членови, кои се избираат на предлог на членовите на Советот.

Кандидационата комисија со мнозинство гласови предлага еден или повеќе кандидати за претседател на Советот.

Со изборот на претседателот на Советот, Кандидационата комисија престанува со работа.

**Член 17**

Претседателот на Советот се избира со јавно гласање. Доколку има повеќе предлози за секој предлог се гласа поединечно по редослед утврден по азбучен ред на презимињата на кандидатите.

**Член 18**

Ако за претседател на Советот е предложен еден кандидат, кандидатот се смета за избран ако добие мнозинство гласови од вкупниот број гласови од членовите на Советот.

Ако кандидатот не го добие потребното мнозинство гласови, постапката за избор на претседател на Советот се повторува.

**Член 19**

Во случај кога има два или повеќе кандидати за претседател на Советот, доколку во првиот круг никој од кандидатите за претседател не добил потребен број на гласови, се пристапува кон втор круг на гласање на двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најголем број на гласови.

За претседател е избран член на Советот кој во вториот круг на гласање добил повеќе гласови.

**Член 20**

По изборот на претседателот на Советот, членовите на Советот и претседателот на конститутивната седница потпишуваат Свечена Изјава која гласи:

„Јас (име и презиме ) свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе го почитувам Уставот, Законот прописите на Советот и дека ќе го штитам Уставниот поредок на Република Македонија“.

### 3. Избор на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања

**Член 21**

На првата седница на Советот се избира Комисија за мандатни прашања, избори и именувања составено од претседател и 4 члена.

Комисијата се избира со мнозинство гласови од присутните членови на Советот на предлог од претседателот на Советот.

Предлог на кандидати за членови на комисијата содржи онолку кандидати колку се избираат членови на комисијата.

## III. Права и должности на членовите на Советот

### 1.Присуство на седници на Советот

**Член 22**

Членот на Советот има право и должност да присуствува на седниците на Советот и неговите работни тела чиј е член и да учествува во работата и во одлучувањето.

**Член 23**

Членот на Советот кој е спречен да присуствува на седницата на Советот, должен е за тоа на време да го извести претседателот на Советот.

**Член 24**

Присуството на членовите на Советот на седниците се евидентира во записникот што се води на седницата.

### 2.Давање иницијатива, предлози и поставување прашања до Градоначалникот на општината

**Член 25**

Членот на Советот има право да дава иницијативи и предлози до Градоначалникот за разрешување на актуелни состојби за кои е надлежна општината.

**Член 26**

Членот на Советот има право на седницата на Советот да поставува прашања на Градоначалникот на општината од неговата надлежност.

Членот на Советот прашањето на седницата го поставува усно, а доколку не е присутен Градоначалникот на општината, писмено му се доставува од страна на претседателот на Советот.

**Член 27**

На усно поставеното прашање одговор се добива на седницата на кое е поставено.

Доколку Градоначалникот на општината не е во можност да даде одговор на самата седница, должен е одговорот да го даде на наредната седница на Советот.

Членот на Советот може да побара на прашањето што го поставил да му се одговори писмено.

На прашањето кое писмено му е доставено на Градоначалникот на општината, одговор се дава во рок од 7 дена.

Членот на Советот што го поставил прашањето, по добиениот одговор има право да постави дополнително прашање.

**3.Право на надоместоци**

**Член 28**

Членовите на Советот имаат право на надоместок за присуство на седниците и надоместок на патни и дневни трошоци, во рамките утврдени со Закон, што се определува со посебна одлука на Советот, по предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

**4.Право на обзбедување услови за вршење на функцијата член на Советот**

**Член 29**

Членот на Советот има право во врска со извршувањето на својата функција да бара стручна помош од органите на Општинската администрација, по прашања од надлежноста на Советот.

Членот на Советот има право да ги користи просториите во седиштето на општината за работа и состаноците во врска со извршувањето на својата функција.

Членот на Советот има право преку Советот да бара податоци од јавните служби кои ги основа Советот, кои му се потребни за извршување на својата функција.

**5.Обврски за чување тајна**

**Член 30**

Членот на Советот е должен да ја чува државната, службената и деловната тајна.

Како тајна се смета секој акт што ќе биде означен „Доверливо“ од страна на подносителот.

Членот на Советот е одговорен за повреда на тајната.

Начинот и чувањето на материјалите кои се сметаат за доверливи се утврдени со акт на Советот.

**6.Престанокот на мандатот**

**Член 31**

На член на Советот му престанува мандатот или може да му биде одземен само во случаи утврдени со Закон.

**Член 32**

На членот на Советот му престанува мандатот пред истекот за кој е избран

-ако поднесе оставка;

- во случај на смрт;

-ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење над 6 месеци;

-ако настапи случај на неспоивост со функцијата член на Советот согласно со Законот за локалните избори;

- ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност;

-ако престане да биде жител на општината;

На членот на Советот може да му биде одземен мандатот ако неоправдано отсуствува од три седници на Советот по ред.

За оправданоста на отсуството од ставот 2 на овој член одлучува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

## IV.Права и должности на Претседателот на Советот

### 1. Претседател на Советот

**Член 33**

Претседателот на Советот ги свикува седниците на Советот и е должен:
-ја свикува-раководи и ја заклучува седницата на Советот;
-да одржува ред на седницата;
-да ги најавува дискутантите;
- да ги става предлозите на гласање

**Член 34**

Претседателот на Советот:
-се грижи за организацијата и работата на Советот;
-се грижи за примена на Деловникот на Советот и дава појаснување во врска со неговата примена;
-се грижи за остварување на правата на членовите на Советот и за обезбедување услови за нивна работа и информирање;
-се грижи за спроведување на начелата на јавност на работата на Советот;
-ги потпишува прописите што ги донел Советот и во рок од три од денот на нивното донесување ги доставува на Градоначалникот заради објавување.

## V.Избор на работни тела на Советот

**Член 35**

Советот на општината формира постојани и повремени комисии за претресување на прашања од своја надлежност.
Мандатот на постојаните комисии трае колку мандатот на членовите на Советот.

**Член 36**

Постојани комисии на Советот се:
- Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој;
- Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата;
- Комисија за општествени дејности;
- Комисија за Статут и прописи;
- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;

Комисиите се составени од 5 члена на Советот.
Претседателот и членовите на комисиите ги избира Советот на општина Виница на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

**Член 37**

Повремените работни тела се основаат со одлука на Советот со која се утврдува бројот, составот и задачите на повремените работни тела.

**Член 38**

Советот го избира лицето кое раководи со Подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината во согласност со Законот.

**Член 39**

Секој носител на функцијата што го избира Советот има право да поднесе оставка и истата може да ја образложи на првата наредна седница на Советот.

Советот на првата наредна седница констатира дека на носителот на функцијата му престанува мандатот од денот на поднесување на оставката.

**Член 40**

Одредбите на овој Деловник што се однесуваат на постапката за избор, соодветно се применуваат и во постапката за разрешување, доколку не е поинаку утврдено со Законот, Статутот и овој Деловник.

**VI.Седница на Советот**

**1.Свикување на седница на Советот**

**Член 41**

Седниците на Советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш на три месеци.

Седницата на Советот ја свикува претседателот на Советот на своја иницијатива, на барање на Градоначалникот или на барање од најмалку ¼ од членовите на Советот најдоцна во рок од 15 дена од денот на неговото поднесување.

Доколку во рокот определен во ставот 2 на овој член, претседателот на Советот не ја свика седницата на Советот, членовите на Советот сами се состануваат и избираат претседател за таа седница.

Решението за свикување на седница на Советот со предлогот за дневен ред и материјалите по прашањата што се предлагаат за дневниот ред им се доставуваат на членовите на Советот најдоцна седум дена пред денот за оддржување на седницата.

**Член 42**

Во итни случаи, претседателот на Советот може да свика седница и во рок покус од 7 дена и дневниот ред може да се предложи и на самата седница.

Вонредната седница на Советот ја свикува претседателот на Советот, по сопствена иницијатива или на барање на најмалку 1/3 од членовите на Советот.

Поканата за седница со предложениот дневен ред се доставува до членовите на Советот на најбрз можен начин.

Пред отпочнување со работа членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на седница без материјална расправа.

**2.Претседавање на седницата**

**Член 43**

Со седницата на Советот претседава претседателот на Советот.

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на Советот, седницата на Советот ја отвара најстариот по години присутен член на Советот кој со истата претседава додека не се избере член на Советот кој ќе претседава со седницата.

Одлуката за избор на претседател на седницата е донесена ако за неа гласале повеќе од половината присутни членови на седницата на Советот.

**3.Присуство и учество во работата на седницата**

**Член 44**

На седницата на Советот претседателот може да покани да присуствуваат и да учествуваат во работата претставници на Подрачни единици на Министерствата и други органи,

јавни служби, установи и претпријатија и други органи и организации на кои се разгледуваат прашања од нивна надлежност.

Претседателот на Советот ги известува членовите на Советот за тоа кој е поканет да присуствува на седницата на Советот.

**4.Тек на седницата**

**Член 45**

Седницата ја отвара и со неа раководи претседателот на Советот.

Советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

**Член 46**

Пред утврдување на дневниот ред се усвојува записникот од претходната седница.

Членот на Советот може да стави забелешка на записникот и да бара во него да се извршат соодветни измени и дополнувања.

За основаноста на забелешките на записникот се одлучува на седницата без претрес.

Ако забелешката се усвои во записникот се внесува соодветната измена.

**Член 47**

Претресот по прашањата од дневниот ред се врши според утврдениот редослед на дневниот ред.

Во текот на седницата, Советот може да одлучи да се извршат измени и дополни во редоследот на претресот по одделни прашања од дневниот ред.

Советот може да одлучи да се води единствен претрес за прашања што се меѓусебно поврзани.

**Член 48**

На почетокот на претресот по секое прашање од дневниот ред, предлагачот односно негов претставник може да даде дополнително појаснување односно образложение.

**Член 49**

Претресот по одделно прашање трае додека по него има пријавено учесници. Секој учесник има право на дискусија во траење од пет минути. Советот претресот по секое прашање од дневниот ред го завршува со донесување на соодветен акт.

**5.Прекин на седницата**

**Член 50**

Претседателот на Советот ја прекинува седницата на Советот заради немање на мнозинство потребно за работа и заради нарушување на редот во салата каде што се оддржува седницата.

Претседателот на Советот ја прекинува седницата и тоа кога ќе го побараат најмалку 8 членови на Советот заради дополнителни консултации.

Претседателот на Советот може да ја прекине седницата и на барање на Координатор на советничка група.

Времето за продолжување на прекинатата седница го определува претседателот на Советот.

**6.Право на говор**

**Член 51**

На седницата на Советот никој не може да говори пред да побара и да добие збор од претседателот на Советот.

Претседателот на членовите на Советот им дава збор според редоследот на јавувањето. Говорникот кој сака да говори по втор пат може да добие збор по исцрпувањето на листата на пријавените кандидати. Говорот по втор пат е во траење од три минути.

Советот може да одлучи по одредени точки од дневниот ред времетраењето на говорот да се ограничи.

**Член 52**

Говорникот може да говори само по прашање што е на дневен ред.

Ако говорникот се оддалечи од прашањето што е на дневен ред, претседателот на Советот ќе го опомени. Ако говорникот и по повторната опомена не се придржува за дневниот ред, претседателот му го одзема зборот.

Во случај кога ќе се злоупотреби редоследот на точките, претседателот може да му забрани на членот да дискутира до крајот на расправата, за прашањето за кое се расправа по дневниот ред.

**Член 53**

Членот на Советот има право на реплика доколку биде поименично или на друг начин споменат во дискусија.

Репликата може да трае најмногу три минути.

Членот на Советот на чија дискусија се однесува репликата има право на реплика на реплика во траење до 3 минути за секоја реплика пооделно.

**7. Процедурални предлози**

**Член 54**

Членот на Советот има приоритетно право на говор доколку побара дозвола:

-предлагање на претходно прашање или укажување на спорен предлог;

-да предложи одлагање на расправата;

-да предложи заклучување на расправата;

-да предложи да се вратат предлозите повторно на работните тела;

Ниту еден од овие процедурални предлози не смее двапати да биде предложен за време на една иста расправа.

Предлозите од став 1 ќе имаат приоритетно значење во однос на главните прашања за кои расправата ќе биде прекината.

Во врска со предлозите од став 1 свое мислење може да дадат предлагачот и известувачот или претседателот на работната група по чии предлог се води расправата.

За процедуралните предлози на седницата се одлучува без расправа.

**8.Одржување на редот**

**Член 55**

За оддржување на редот на седницата се грижи претседателот на Советот.

Претседателот на Советот ќе го опомени членот на Советот ако со своето однесување со земање на збор претседателот не му дал збор, со упаѓање во збор на говорник или со слична постапка го нарушува редот на седницата.

Членот на Советот кој и покрај опомената односно одземениот збор, го нарушува редот на седницата или употребува изрази со кои го навредува достоинството на Советот може да биде отстранет од седницата.

Членот на Советот кој е отстранет од седницата должен е веднаш да ја напушти салата во која се оддржува седницата, а доколку претседателот на Советот не може да го оддржи редот на седницата ќе одреди кус прекин на седницата.

**9.Одлучување**

**Член 56**

Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, а најмалку со една третина од вкупниот број членови на Советот, ако со Статутот не е предвидено посебно мнозинство.

Статутот, Буџетот на општината, Завршната сметка на Буџетот и Деловникот за работа се донесуваат со мнозинство на гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 57**

Гласањето на седниците на Советот е јавно освен ако Советот не одлучи за одделни прашања гласањето да биде тајно.

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња. Со тајното гласање раководи претседателот на Советот, а му помагаат раководителот на одделението за правни, општи работи и јавни дејности и соработникот за подготовки на седници на Советот.

На секое гласачко ливче се става печат на Советот.

**Член 58**

Тајното гласање се врши на тој начин што во гласачкото ливче се наведува предлогот „за“ или „против“,а гласањето се врши со заокружување, пред името и презимето на секој кандидат за кој се гласа. Членовите на Советот гласаат на тој начин што го заокружуваат редниот број пред името и презимето на кандидатот.

За неважечко се смета гласачкото ливче на кое се заокружени редните броеви пред имињата и презимињата на повеќе кандидати на бројот што се избира, непотполнето гласачко ливче, ливче на кое се внесени нови имиња и ливчето од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат членот на Советот гласал.

**10.Записник**

**Член 59**

За работата на седниците на Советот се води записник.

Записникот ги содржи основните податоци за работата на седницата, предлозите што се поднесени и заклучоците што се усвоени во врска со одделните прашања од дневниот ред.

Членот на Советот кој го издвоил своето мислење може да побара во записникот да се внесе неговото мислење.

Усвоениот текст на записникот го потпишуваат претседателот на Советот, соработникот за подготовки на седници на Советот и раководителот на одделението за правни, општи работи и јавни дејности.

**VII.Начин на работа на Комисиите на Советот**

**Член 60**

Постојаните и повремените комисии на Советот работат на седници.

Седниците на комисиите ги свикува претседателот. Претседателот на комисијата е должен да ја свика седницата на која треба да се разгледат материјали за прашања што предлагаат да се стави на дневен ред на седницата.

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на комисијата, членовите на комисијата определуваат заменик на претседателот кој го заменува претседателот.

**Член 61**

Решението за седница со предлог на дневен ред и материјалите што ќе се разгледуваат на седницата се доставуваат најмалку три дена пред оддржување на седницата.

Дневниот ред на седницата на работата на комисијата се утврдува на почетокот на седницата.

Во дневниот ред можат да се внесат и прашања што на самата седница ќе ги предложат членовите на работното тело-комисија. На седницата можат да се поканат да присуствуваат предлагачите на одделни материјали, преставници на Подрачните единици на Министерствата и други органи и организации кои можат да изнесат мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата.

**Член 62**

Комисијата завзема ставови со мнозинство на гласови од присутните членови. Комисијата може да работи и да претресува прашања од својот делокруг ако на седницата присуствуваат мнозинство од членовите на Комисијата. За работата на комисијата се води записник.

**Член 63**

Членот на комисијата има право и должност да присуствува на седницата и да учествува во работата и одлучувањето.

За присуство на членот на Комисијата се води евиденција во записникот.

Членот на комисијата кој е спречен да присуствува на седницата должен е за тоа на време да го извести претседателот на комисијата.

**Член 64**

Претседателот на комисијата го известува претседателот на Советот за членот кои три пати едно по друго неоправдано отсуствувал од седницата.

Комисијата може да предложи Советот да го разреши тој член и на негово место да избере друг член.

**Член 65**

Претседателот на комисијата, на Советот му поднесува извештај одделно за секое прашање што го разгледува. Извештајот содржи став на комисијата со образложение.

Претседателот на комисијата го потпишува извештајот и е одговорен за неговата веродостојност. Усвоените записници од седницата на комисијата ги потпишува претседателот на комисијата.

**VIII.Постапка за донесување на општи акти**

**1.Предлог за донесување на општ акт**

**Член 66**

Постапката за донесување општи акти започнува со поднесување предлог за донесување на општ акт.

Предлог за донесување на општ акт можат да поднесат: членовите на Советот, комисиите на Советот и 10% избирачи од Општината.

**Член 67**

Предлогот за донесување на општ акт од надлежност на Советот утврден со Статутот на општината, со предлог на акт можат да поднесат Градоначалникот на општината, управен орган, работно тело-комисија на Советот или јавни служби што ги основа Советот на општината.

**Член 68**

Предлогот за донесување општ акт содржи правен основ за донесување и причините поради кои треба да се донесе актот.

Предлогот за донесување на општ акт може да се поднесе во писмена форма до претседателот на Советот.

**Член 69**

Работното тело-комисијата го разгледува предлогот и завзема став за основаноста и потребата од донесување на актот и за тоа го информира Советот.

Советот на општината го разгледува предлогот за донесување општ акт со ставот на комисијата и ја утврдува основаноста и потребата за донесување на акт.

Ако Советот отцени дека нема основ и потреба за донесување на актот за тоа го известува подносителот.

**Член 70**

Кога Советот на општината ќе утврди основаност и потреба за донесување на општ акт, определува изготвувач на актот, доколку со предлогот за донесување на општ акт не е донесен и предлог на актот.

Ако со предлогот за донесување на актот е доставен и предлог на актот Советот води расправа за донесување на актот.

**Член 71**

Предлогот на општиот акт содржи правен основ за негово донесување, причините поради кои се донесува актот, образложение, потребните средства за негово спроведување и начинот на обезбедување на тие средства.

**2.Донесување на Статут на Општината**

**Член 72**

Статутот на општината се донесува во две фази и тоа како Нацрт и како Предлог -Статут.

Нацртот на Статутот го утврдува Советот по предлог на Комисијата за статут и прописи.

Советот, Нацрт Статутот го става на јавна расправа и го утврдува времето и начинот на спроведување на јавната расправа.

Предлогот на Статутот на општината го утврдува Комисијата за статут и прописи врз основа на изнесените предлози, забелешки и мислења во текот на расправата.

**Член 73**

Статутот на општината го донесува Советот со мнозинство гласови од членовите на Советот.

**Член 74**

Измени и дополнувања на Статутот можат да предложат најмалку ½ од членовите на Советот, Градоначалникот на општината или најмалку 10% од избирачите во општината.

Одлука за пристапување кон измени и дополнување на Статутот на општината ја донесува Советот со мнозинство гласови од членовите на Советот.

**3.Донесување Деловник на Советот**

**Член 75**

Предлогот на Деловникот на Советот го утврдува Комисијата за статут и прописи.

Деловникот на Советот се донесува со мнозинство гласови од членовите на Советот.

**Член 76**

Измени и дополнувања на Деловникот на Советот можат да предложат членовите на Советот и работната комисија на Советот - Комисија за статут и прописи.

**4.Донесување програма за работа на Советот**

**Член 77**

Предлогот на програмата за работа на Советот го утврдува комисија врз основа на претходно прибавени предлози и мислења од овластени предлагачи, заинтересирани субјекти.

Комисијата од став 1 ја формира Советот и е составена од претседател и 4 члена.

Предлогот на програма содржи назив на материјали, односно актот, кратка содржина, предлагач и рок.

**Член 78**

Програмата за работа на Советот се донесува на крајот на календарската година за наредната година.

Програмата за работа се донесува со мнозинство гласови од членовите на Советот.

**5.Донесување програми, одлуки и други општи акти**

**Член 79**

Носителите на предлозите на програмите и одлуките од надлежност на Советот се должни во предвидените рокови, предлозите и актите да ги достават до Советот во писмена форма на разгледување и донесување.

**Член 80**

При донесување на програмите и одлуките, предлагачите присуствуваат на седницата на Советот и по потреба даваат стручни појаснувања од областа за која се предлага донесувањето на програмата или одлуката.

**Член 81**

Генералниот и Деталниот урбанистички план на општината ги донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, доколку поинаку не е определено со друг Закон.

**6.Одобрување програми и други акти**

**Член 82**

Советот одобрува програми за работа на јавните служби, установи и претпријатија што ги основа или кои вршат работи од надлежност на општината.

**Член 83**

Советот одобрува и други акти во согласност со Закон.

Советот за одобрување на програмата или друг акт донесува Заклучок.

**7.Вонредна постапка за донесување на одлуки**

**Член 84**

Советот на општината може и по итна постапка да донесе одлука кога е тоа неопходно во случај на елементарни непогоди, други вонредни околности или кога е од интерес за остварување на функциите на општината.

Пред да ја донесе одлуката, Советот претходно одлучува дали е неопходно донесување одлука по итна постапка, а потоа води расправа по предлогот на одлуката.

Пред отпочнување со работа членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикувањето на седницата без материјална расправа.

**Член 85**

Вонредната седница ја свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива, на предлог на најмалку една третина од членовите или на предлог на Градоначалникот.

Поканата за седница со предложениот дневен ред се доставува до членовите на Советот на најбрз можен начин, со наведување на времето и местото на оддржување.

Советот не може да го менува дневниот ред за вонредната седница.

**8.Расправа по предлог на акт и предлозите за измените и дополнувањата**

**Член 86**

По предлозите на актите се води расправа.

Во текот на расправата се одлучува и за измени и дополнувања на одделни одредби од предлогот на актот.

**Член 87**

Предлогот за измени и дополнувања на одделни одредби од предлогот на актот може да поднесат членовите на Советот и предлагачот на актот.

Предлогот за изменување или дополнување на одделна одредба од предлог актот се усвојува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот и станува составен дел на предлогот на актот.

Предлогот за изменување или дополнување на одделна одредба од предлог актот кој се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот се усвојува со истото мнозинство и станува составен дел на предлогот на актот.

**Член 88**

Изјаснувањето на предлозите за изменување и дополнување на одделна одредба од предлогот на актот се врши по редоследот на нивно предлагање.

Кога за иста одредба од предлогот на актот се поднесени два или повеќе предлози за измени и дополнувања, ако еден од предлозите добие потребно мнозинство, за останатите предлози членовите на Советот не се изјаснуваат.

**Член 89**

Пред изјаснувањето на членовите на Советот по поднесениот предлог за изменување и дополнување на одделна одредба од предлог актот, подносителот на предлогот има право да се изјасни во врска со поднесениот предлог.

**9.Утврдување на пречистен текст на општи акти**

**Член 90**

Ако во општиот акт се вршат пообемни или повеќе пати измени и дополнувања, Советот може да одлучи да се изготви пречистен текст на актот.

Пречистениот текст на актот го изготвува комисијата за статут и прописи во рок од 15 дена од денот на објавувањето на актот во Службен гласник на општина Виница.

**10.Претресување на извештаи, информации и други материјали**

**Член 91**

Советот претресува извештаи, информации и други материјали кои се во негова надлежност.

Пред да ги претресува Советот актите од став 1 на овој член ги разгледува надлежното работно тело - комисија.

По извештаите, информациите и другите материјали Советот донесува Заклучок.

**XI.Односите на Советот со Градоначалникот и другите органи на општината**

**Член 92**

Градоначалнкот има право да присуствува и учествува во работата на седниците на Советот.

Советот до Градоначалникот доставува работни материјали за седницата во ист обем како и за членовите на Советот.

**Член 93**

Градоначалникот му предлага донесување на Одлуки и други општи акти од негова надлежност.

Актите предложени од Градоначалникот задолжително пред седницата на Советот ги разгледува надлежното работно тело-комисија.

**Член 94**

Советот по укажување на Градоначалникот за неуставност или незаконитост на акт или одлука, истите повторно ги разгледува во рок утврден со Статутот на општината.

Градоначалникот го прогласува актот, односно одлуката кои по повторното разгледување се потврдени од страна на Советот.

**Член 95**

Градоначалникот на општината ги прогласува и објавува актите на Советот кои ќе му бидат доставени од страна на претседателот на Советот.

**Член 96**

Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација ја донесува Советот со посебна одлука.

Општинската администрација на општината подготвува акти и врши стручни работи за Советот како и други работи што ќе им ги довери Советот.

Општинската администрација учествува во подготовка на седниците на Советот и неговите работни тела и се грижат за средување и чување на актите на Советот како и вршат други работи што ќе им ги довери Советот.

**X.Соработка на Советот со Подрачните единици на Министерствата и другите органи на државната управа**

**Член 97**

Советот меѓусебно доставува податоци со Подрачните единици на Министерствата и другите органи на државната управа кои се потребни за остварување на функцијата, а со кои располагаат и доаѓаат во текот на работата.

**Член 98**

За проучување на одделни прашања, подготвување на прописи, давање мислења и предлози, претседателот на Советот како и претседателите на работните тела на Советот

оддржуваат состаноци со раководните лица на Подрачните единици на Министерствата и другите органи на државната управа..

Ако е потребно, во соработка со Градоначалникот на општината се оддржуваат заеднички седници на кои се завземаат одредени заклучоци.

По заклучоците од заедничките седници Советот на општината, работните тела на Подрачните единици на Министерствата завземаат свои ставови, за кои што взаемно се информираат.

**Член 99**

Советот на општината и Подрачните единици на Министерствата со цел да обезбедат усогласување на прашањата од заеднички интерес може да образуваат стручни комисии или работни тела.

**XI.Програмирање на работата на Советот**

**Член 100**

Советот работи според програмата за работа на Советот.

Програмата за работа се утврдува за една календарска година.

За одделни области или за позначајни прашања од својата надлежност, Советот може да донесе и посебни програми.

**Член 101**

Основа за изработка на програмата за работа на Советот се: работи кои со Законот и Статутот на општината се ставени во надлежност на Советот, задачите кои произлегуваат од тие акти, заклучоците на Советот и роковите за оддржување седници на Советот утврдени со Законот.

**Член 102**

Носителите на предлозите на актите и другите материјали, организирањето, подготовките и извршувањето на одделни задачи и работи предвидени со програмата за работа на Советот се должни во предвидените рокови тие акти и материјали да ги достават до Советот на разгледување и усвојување.

Ако од одредени причини тоа не е можно, претседателот е должен за тоа навреме да го извести Советот и да ги наведе причините заради кои не можел да ги изврши програмираните задачи во предвидениот рок.

**XII. Јавност во работата на Советот**

**Член 103**

Советот обезбедува информирање на јавноста за работата на Советот и за своите ставови и одлуки во врска со прашањата за кои расправа.

Советот по потреба обезбедува информирање на јавноста за работата и на комисиите на Советот.

**Член 104**

Седниците на Советот се јавни.

Одлука за исклучување на присуството на јавноста се донесува ако за тоа постојат оправдани причини утврдени со Статутот, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

На расправата за Буџетот на општината, Годишната сметка на Буџетот и за урбанистичките планови присуството на јавноста не може да се исклучи.

**Член 105**

Заинтересираните граѓани можат да присуствуваат на седниците на Советот по претходно одобрение од претседателот на Советот.

**Член 106**

Преставници на средствата за јавно информирање можат да присуствуваат на седниците на Советот заради известување на јавноста.

**Член 107**

Советот може актот да го претресува ако е од посебен интерес за јавноста од општината, да го објави преку локалните средства за јавно информирање.

**Член 108**

Конференција за печат во врска со работа на Советот се оддржува кога за тоа ќе одлучи Советот и претседателот на Советот, а за тоа се определува претставник кој ќе ја одржи конференцијата за печат.

**Член 109**

Заради известување на работата на органите на општината се издава „Службен гласник на општина Виница".

Во Службениот гласник на општина Виница се објавуваат сите одлуки и други акти што ги донесува Советот и другите органи во општината.

**XIII. Завршни одредби**

**Член 110**

Овој Деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница".

Број 07-1364
31.10.2005 год.
В и н и ц а

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.екон.Давор Илиев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СОВЕТ НА ОПШТИНА * ОПШТИНА ВИНИЦА *

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 433
24.04.2019 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 21 став 1 точка 2 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник Општина Виница број 8/2010, 12/2014"), Советот на Општина Виница на 20-та седница одржана на ден 24.04.2019 година, донесе:

# О Д Л У К А
## За дополнување на Деловникот на Советот на Општина Виница

Член 1

Се врши дополнување на Деловникот на Советот на Општина Виница, број 07-1364 од 31.10.2005 година („Сл.гласник на општина Виница број 10/2005, 10/2010").

Член 2

Во член 5 став 1 и став 2 по зборот Република се додава зборот „Северна" Македонија, а зборовите до крајот на реченицата остануваат исти.

Член 3

Во член 20 став 1 по зборот Република се додава зборот „Северна" Македонија.

Член 4

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница".

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
м-р Тони Велков

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.07-1088
29.10.2010 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 21 став 1 точка 2 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010“), Советот на општина Виница на 21-та седница одржана на ден 29.10.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За дополнување на Деловникот**
**на Советот на општина Виница**

Член 1

Во член 36 став 1, после алинеја 5 се додаваат три нови алинеи:

- Комисија за месна самоуправа;
- Комисија за еднакви можности на жените и мажите;
- Комисија за унапредување на правата на пациентите во општината.

Во став 2, точката на крајот од реченицата се брише, се става запирка и се додава: освен Комисијата за унапредување на правата на пациентите во општината која е составена од 9 (девет) члена.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
д-р Мартин Павлов